Република Македонија

Државна изборна комисија

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ПОТВРДЕНИТЕ ЛИСТИ НА КАНДИДАТИ КОИ ЌЕ УЧЕСТВУВААТ НА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ИЗБОРИ ЗА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – 11 ДЕКЕМВРИ 2016 ГОДИНА**

Согласно член 66 ставови 2 и 4 од Изборниот законик, до Државната изборна комисија во рокот утврден во „Роковникот за извршување на изборните дејствија за спроведување на предвремените избори за пратеници во Собранието на РМ, 18 октовмри – 11 декември 2016 година", до 11 ноември 2016 година кандидатски листи за избор на пратеници доставија 13 политички партии и коалиции.

Од нив со решение на Државната изборна комисија беа потврдени листи на кандидати поднесени од 11 политички партии и коалиции.

За политичките партии Социјал Демократска Партија на Македонија и Народно движење за Македонија, Државната изборна комисија донесе решенија за отфрлање на листите за кандидати.

По решенија на Државната изборна комсија овие две политички партии поднесоа тужби преку Државната изборна комисија до Управниот суд на РМ.

Управниот суд за СДПМ донесе пресуда број УРП.бр.500/16 од 16.11.2016 година со која што ја одби тужбата и го потврди решението за отфрлање на кандидатската листа донесено од страна на Државната изборна комисија.

Управниот суд за НДМ донесе пресуди со броеви: УРП.бр.503/2016, УРП.бр.504/2016, УРП.бр.507/2016, УРП.бр.501/2016, УРП.бр.502/2016, УРП.бр.505/2016, УРП.бр.506/2016 од 16 и 17.11.2016 година со кои ги одби тужбите на тужителот и ги потврди решенијата за отфрлање на кандидатските листи донесени од страна на Државната изборна комисија.

Оттаму на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија 11 декември 2016 година ќе учествуваат следните 6 политички партии и 5 коалиции со 58 листи на кандидати во следните изборни единици:

| Бр. | Подносител | Изборни единици |
|---|---|---|
| 1. | Партија за демократски просперитет | 6 |
| 2. | Коалиција за ПРОМЕНИ и ПРАВДА - ТРЕТ БЛОК (ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ, ФРОДЕМ, ДЕМОС и МОРО-РП) | 1,2,3,4,5,6 |
| 3. | Либерална партија | 1,2,3,4,5 |
| 4. | Левица | 1,2,3,4,5 |
| 5. | Демократска партија на Албанците | 1,2,3,5,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | Коалиција Социјалдемократски сојуз на Македонија - СДСМ, Нова Социјалдемократска партија - НСДП, Либерално Демократска Партија - ЛДП, Партија за движење на Турците во Македонија - ПДТ, Нова Алтернатива - НА, Демократски сојуз на Власите од Македонија - ДСВМ, Српска Странка во Македонија - ССМ, Партија за економски промени - „ПЕП 21“, Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија - ПОПГМ, Партија за Европска Иднина - ПЕИ, Алијанса за позитивна Македонија - АПМ, Демократска обнова на Македонија, ДОМ, Српска напредна странка во Македонија - СНСМ, Партија за целосна еманципација на Ромите - ПЦЕР | 1,2,3,4,5,6,7 |
| 7. | Движење Беса | 1,2,5,6 |
| 8. | Коалиција „Алијанса за Албанците“ (ДР-АДП, Унитети, НДП) | 1,2,5,6 |
| 9. | Коалиција ВМРО за МАКЕДОНИЈА | 1,2,3,4,5,6,7 |
| 10. | Демократска унија за интеграција | 1,2,3,4,5,6,7 |
| 11. | Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО – Демократска партија за македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска Партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Партија на Правдата, Граѓанска опција за Македонија-ГРОМ, Странка на демократска акција на Македонија, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Работничко Земјоделска Партија на Република Македонија, Трајно Македонско Радикално Обединување, Македонска акција (МААК), Нова Либерална Партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Македонска Алијанса, Демократска Партија на Турците на Македонија, ВМРО-ДП (ВМРО-Демократска партија), Демократска Бошњачка Партија, Демократска партија на Ромите, Социјалдемократска Унија, Роми Обединети од Македонија, Сојуз на Титови Леви Сили, Обединета партија за еднаквост на Ромите, Движење на национално единство на Турците, Демократски сили на Ромите | 1,2,3,4,5,6,7 |

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Чичаковски**

Бр. 10 - 3232/1
17. 11. 2016год.

*Изработиле: Правна служба*